Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ СКОПЈЕ

| Примено: | 23-03-2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број. | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 1098/2 | | |

Арх.бр.УП1-11/4-291/2019

Дата. 19-03-2020

**ДО:** АД "ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" - Скопје

Ул. 11 Октомври 9

1000 Скопје

**ПРЕДМЕТ :** Доставување на решение

**ВРСКА:** Ваш број: 08-1098/1 од 25.02.2020 година

Почитувани,

Во прилог на овој допис Ви доставуваме Решение со број УП1-11/4-291/2020, за одобрување на Елаборатот зазаштита на животната средина за проект: Ветерен парк "Богданци II фаза", во подрачјето на општина Богданци, за потребите на инвеститорот АД "ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" - Скопје.

Со почит,

**МИНИСТЕР**

**Naser Nuredini**

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје / Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup

Изработил: Сашо Илиќ

Контролирал/Согласен: Александар Петковски

Одобрил:Директор на Управа за животна средина

Xhezmi Saliu

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR 19-03-2020

Врз основа на член 24 став 7 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр.53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016),постапувајќи по барањето на АД "ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" - Скопје на Ул. 11 Октомври 9 од Скопје, за одобрување на Елаборатот за заштита на животна средина број УП1-11/4-291/2019 од 25.02.2020 година, Директорот на Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање го издава следното

# Р Е Ш Е Н И Е

## За одобрување на Елаборат за заштита на животна средина

1. Со ова Решение се одобрува Елаборатот за заштита на животната средина, со тех. број ЕЖС_149_12/19 од 2020 година, изготвен од страна на ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др. ДОО АД од Скопје, за проект: Ветерен парк "Богданци II фаза", во подрачјето на општина Богданци, за потребите на инвеститорот АД "ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" - Скопје.

2. Од доставената документација констатирано е дека со изградбата на ветерен парк "Богданци II фаза", во подрачјето на општина Богданци, нема да има значителни влијанија врз животната средина.

3. Инвеститорот се задолжува целосно и без исклучоци да се придржува кон пропишаниот режим и мерки за заштита предвидени во Елаборатот за заштита на животна средина, како и кон дополнителни решенија доколку низ изградбата и работењето се покаже потреба од зголемен обем и вид на превенција.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

**Образложение**

Од Ваша страна беше доставен Елаборат за заштита на животната средина за проект: Ветерен парк "Богданци II фаза", во подрачјето на општина Богданци, за потребите на инвеститорот АД "ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" - Скопје.

Локацијата за изградба на ветерениот парк "Богданци II фаза", во подрачјето на општина Богданци, се наоѓа на м.в. Мамино, во КО Богданци вон град.Планираното продолжување на II фаза е со дополнителни 4 или 6 турбини со вкупна инсталирана моќност од 13.2MW.Предметниот Елаборат за заштита на животната средина е изготвен согласно Правилникот за формата и содржината на Елаборатот за заштита на животната средина согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување како и начинот на водење на регистарот за одобрени Елаборати (Службен весник на Република Македонија бр. 44/2013 и 111/2014), од страна на ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др. ДОО АД од Скопје.

**Правна поука:**Против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државна Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Директор на

Управа за животна средина

Xhezmi Saliu

Изработил: Сашо Илиќ

Контролирал/Согласен:Александар Петковски